# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| | | |
|---|---|---|
| **„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Светислав Јовановски** | **Година LXVIII Број 11 Куманово 28 јули 2023 г.** | **Претплата за 2023 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939** |


**370.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Куманово, Бр. 09 - 5573/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 јули 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-5668/1
27 јули 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**371.**

Врз основа на член 155 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Куманово**

Член 1

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Куманово, Реџеп Реџеповски од советничката листа на Група избирачи ИВАНА ЃОРЃИЕВСКА.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 5573/3
27 јули 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**372.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09 - 5573/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 јули 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-5669/1
27 јули 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**373.**

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) и член 25, став 1, точка 40 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/22) се вршат следниве дополнувања:
   Во насловот ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА (групирани по урбанистички план), поднасловот „Детален преглед на градежните парцели по населено место и по урбанистички план“ се дополнува со следните нови градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање

**Измена и дополнување на дел од урбанистички план за вон населено место за Горно Коњаре за изградба на објекти со намена Г4- згради за складишта К.О. Горно Коњаре**
**Плански опфат помеѓу : ул. „Индустриска“, ул.„2’’ , ул.„11’’ , ул. „4’’**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**
**1. Информации за градежна парцела**

- Број на градежна парцела: 1
- Вкупна површина на градежната парцела: 170.996,86 м2
- Намена на земјиштето (основна класа): Г4
- Намена на земјиштето (опис): Стоваришта, складови и отпади
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:
  КП 1982/1, 1976/1 и др.
- Површина за градба: 111.147,96 м2
- Бруто развиена површина: 205.196,23 м2
- Процент на изграденост: 65 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 1,2
- Максимална дозволена висина: 23 м
- Катност: П+2 / П +5
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен:
- Вкупна почетна/утврдена цена:



**ДУП за дел од У.Е „Тоде Мендол '' – дел од Урбан блок 59**
**плански опфат помеѓу улиците : ул.„2002'' ул.„Веселин Вуевски'' ул.„2011'' ул.„Новопланирана''**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

**1. Информации за градежна парцела**

- Број на градежна парцела: 1
- Вкупна површина на градежната парцела: 262 м2
- Намена на земјиштето (основна класа): А1
- Намена на земјиштето (опис): Домување во станбени куќи
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:
  КП 25595/12
- Површина за градба: 104 м2
- Бруто развиена површина: 416 м2
- Процент на изграденост: 40 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето:

- Максимална дозволена висина: 10.2 м
- Катност: П+2+ПК
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен:
- Вкупна почетна/утврдена цена:




## 2. Информации за градежна парцела

- Број на градежна парцела: 2
- Вкупна површина на градежната парцела: 208 м2
- Намена на земјиштето (основна класа): А1
- Намена на земјиштето (опис): Домување во станбени куќи
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 25595/11
- Површина за градба: 112 м2
- Бруто развиена површина: 448 м2
- Процент на изграденост: 54 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето:
- Максимална дозволена висина: 10.2 м
- Катност: П+2+ПК
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен:
- Вкупна почетна/утврдена цена:




### 3. Информации за градежна парцела

- Број на градежна парцела: 19
- Вкупна површина на градежната парцела: 393 м2
- Намена на земјиштето (основна класа): А1
- Намена на земјиштето (опис): Домување во станбени куќи
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:
  КП 25595/14
- Површина за градба: 160 м2
- Бруто развиена површина: 640 м2
- Процент на изграденост: 41 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето:
- Максимална дозволена висина: 10.2 м
- Катност: П+2+Пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен:
- Вкупна почетна/утврдена цена:



### 4. Информации за градежна парцела

- Број на градежна парцела: 15
- Вкупна површина на градежната парцела: По графички прилог
- Намена на земјиштето (основна класа): А1
- Намена на земјиштето (опис): Домување во станбени куќи
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:
  КП 25595/16
- Површина за градба: 120
- Бруто развиена површина: 480
- Процент на изграденост: 22 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето:
- Максимална дозволена висина: 10.2 м
- Катност: П+2+ПК
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен:
- Вкупна почетна/утврдена цена:




**2.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 5573/4
27 јули 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**374.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово**

1. Вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Кочо Рацин“ Куманово, Лидија Пешевска, престанува поради истек на периодот за кој е именуван;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.УП1 08-408 од 16.01.2023 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.УП1 08-408 од 16.01.2023 година, Лидија Пешевска беше именувана за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Кочо Рацин“ Куманово, за период до шест месеци од денот на именување. Согласно наведените одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина утврдени во Законот за основно образование, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 408
17 јули 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**375.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово

1. **СЕ ИМЕНУВА Галаба Давчевска**, дипломиран професор по одделенска настава, одделенски наставник во ООУ „Кочо Рацин“ Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Кочо Рацин“ Куманово, врз основа на истек на периодот за кој е избран. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето и едно лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должност директор на основно училиште. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 4751
17 јули 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово
**Максим Димитриевски, с.р.**

## СОДРЖИНА

**370.** Заклучок за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Куманово................................................ 384

**371.** Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Куманово............................... 384

**372.** Заклучок за објавување на Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година....................... 385

**373.** Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година................................... 385

**374.** Решение за констатирање престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште ,,Кочо Рацин“ Куманово 389

**375.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово.................... 390